**20140341043**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 22 став (4) и член 63 став (4) од Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 11/2012), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, на седницата одржана на 31.1.2014 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ДОСТАВУВАЊЕ СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ФАКТИЧКАТА СМРТНОСТ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ПЕНЗИЈА И/ИЛИ ПЕНЗИСКИ НАДОМЕСТОК ОД ПЕНЗИСКИТЕ ДРУШТВА ДО МАПАС

Член 1

Со овој правилник се уредуваат периодот и формата на статистичките податоци за фактичката смртност на корисниците на пензија и/или пензиски надоместок кои пензиските друштва ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: МАПАС).

Член 2

Пензиските друштва водат евиденција и статистички податоци за фактичката смртност на корисниците на пензија и/или пензиски надоместок од втор и/или трет столб.

Член 3

Пензиските друштва одделно за задолжителниот и одделно за доброволниот пензиски фонд водат евиденции за:

а) име и презиме на починатиот корисник на пензија и/или пензиски надоместок;
б) ЕМБГ на корисникот на пензија и/или пензиски надоместок;
в) пол на корисникот на пензија и/или пензиски надоместок;
г) датум на раѓање на корисникот на пензија и/или пензиски надоместок;
д) датум на смрт на корисникот на пензија и/или пензиски надоместок;
ѓ) причина за смрт на корисникот на пензија и/или пензиски надоместок;
е) датум на почеток на користење на пензија и/или пензиски надоместок;
ж) вид на почетен и последен избор на пензија и/или пензиски надоместок;
з) називот на друштвото или друштвата избрани за исплата на пензија и/или пензиски надоместок;
ѕ) висината на последната исплатена пензија и/или пензиски надоместок и
и) износ на преостанати средства на сметката на корисникот на пензија и/или пензиски надоместок.

Член 4

Евиденциите од член 3 од овој правилник пензиските друштва ги водат на електронски начин преку својот информациски систем.

Член 5

Пензиските друштва одделно за задолжителниот и одделно за доброволниот пензиски фонд ги доставуваат податоците до МАПАС, групирани по возраст, пол и вид на пензија и/или пензиски надоместок за сите починати корисници на пензија и/или пензиски надоместок во претходната година, најдоцна до 31 март во тековната година.

Податоците од став (1) на овој член пензиските друштва ги доставуваат до МАПАС по електронски пат.

Член 6

Овој правилник влегува во сила следниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од 01.03.2014 година.

Бр. 01-127/4
13 февруари 2014 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
д-р **Булент Дервиши,** с.р.